# 357. МОМА ГО МОМЧЕ ЛАЖЕШЕ




Мома го момче лажеше,
сос едно гровче бело грозје,
дури го мома измамила,
сама си грозје излапала,
и му се мома насмеала.

Што стоиш, момче неженето?
Сега ле моми оскапеа,
црноока три илјадарки,
чак'рока две илјадарки,
модроока до илјадарка.

А ергените кој ги гледа,
два три за кош ситна плева,
и таа плева 'ржаница,
што ја свињите прериваат,
што ја сврачките превиват,
што ја момите прерипаат.

Каракаш, Бранко, Антологија на македонски нардони песни, Скопје: Дега, 1995